**З А П И С Н И К**

**од 2-рата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на 04.11.2021 година**

Седницата се одржа во салата за седница на Општина Валандово.

Беа превземени сите мерки за безбедност на присутните за спречување на ширењето на вирусот Ковид 19. Просторијата претходно беше дезинфицирана, се носеа заштитни маски, се користеа средства за дезинфекција на раце и за целото времетраење на седницата.

Седницата започна во 18.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа сите членови на Советот.

Седницата се снимаше од службите на Општина Валандово и од Радио Валандово истата се пренесуваше во живо.

За работа на 2-рата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Утврдување на предлози за доделување на наградата „6-ти Ноември“ и годишно признание на Советот на Општина Валандово по повод празникот на општината;

Дневниот ред со единствената точка беше ставен на гласање и истиот беше изгласан едногласно со 14 гласа ЗА, од присутните членови при гласањето.

Се пристапи со работа по усвоениот дневен ред.

Претседателот Владимир Марков му даде збор на претседателот на Комисијата за спомен одбележување, давање на имиња, награди, признанија и информирање, Валентина Јанева. Таа Советот го запозна со текот на работата на Комисијата на која беа дадени предлозите за наградување .

<u>За 6-то Ноемвриско признание</u>

1. Д-р Борислав Калковалиев - за афирмација на општината како лекар кој беше дел од тимот ма лекари кои ја придружуваа Македонската фудбалска репрезентација на европското првенство 2020 година.

2. ТППЕ ,
   Национални шуми „ЈП Саланџак“, Валандово и
   Тим на ДСЗ - за успешно справување со пожарите кои ја зафатија општина Валандово во летниот период.

3. Драгана Гегова и
   Катерина Петкова- за афирмација на општината преку женскиот фудбал како претставници на македонската женска фудбалска репрезентација.

4. Здружението на лозари „Мак Вранец“, за активно учество во областа на лозарството.

5. Сојузот на борци Валандово, за поддржување и негување на делата на борците од НОБ

Беше отворена расправа.

За збор се јави Аспарух Москов кој даде предлог ФК „Младост“ Удово, како еднистввен активен фудбалски клуб во Општината, да добие 6-то Ноемвриско признание.

За збор се јави Тоше Тодоров. Рече дека ќе гласа воздржано за предлозите бидејќи според него наградите биле употребени во предизборни цели.

Немаше други предлози.

Претседателот на Советот ги стави сите предлозите на гласање.

Со 14 гласа ЗА и 0 ПРОТИВ и 1 ВОЗДРЖАН сите 9 предлози беа усвоени.

За 6-то Ноемвриска награда

Предлог на Комисијата за 6-то Ноемвриска награда беше КМФ „Проект“ Јосифово, за афирмација на општината низ државата и надвор од неа како државен шампион во мал фудбал.

Немаше други предлози.

Претседателот на Советот го стави предлогот за 6-то Ноемвриска награда на гласање.

Со 15 гласа ЗА едногласно предлогот беше усвоен.

Со тоа дневниот ред беше исцрпен и 2-рата редовна седница на Советот на Општина Валандово беше заклучена.

Советнички прашања не беа поставувани.

Записничар<br>С.Х.Јовановиќ

Совет на Општина Валандово<br>Претседател<br>Владимир Марков